**Универзитет „Св. Климент Охридски“ - Битола**

**Технички факултет - Битола**

# И З В Е Ш Т А Ј
**за работата на Деканот**

Микаровска д-р Весна, редовен професор
Јануари - Декември 2008



**Декември, 2008**

**СОДРЖИНА:**

**ОСНОВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ФАКУЛТЕТОТ**

**Кадровска екипираност - декември 2007 год.**
**Кадровска екипираност - декември 2008 год.**
**Отсеци**
**Деканатска Управа**
**Наставно-научен совет**

**НАСТАВА**

**Додипломски студии**

**- Додипломски дисперзирани студии во Велес**
**- Додипломски дисперзирани студии во Прилеп**
**- Заедничка студиска програма со Педагошки факултет, студиска програма по Информатичко и Техничко Образование**

**Постдипломски студии**

**Докторанти**

**Уписна политика**

**НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКИ АКТИВНОСТИ**

**АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ, СОРАБОТКА СО СТОПАНСТВОТО И МЕЃУНАРОДНА И СОРАБОТКА**

**АКРЕДИТАЦИЈА**

**СТУДЕНТИ**

**ОПРЕМА, МЕБЕЛ, РЕНОВИРАЊЕ, И СИТЕН ИНВЕНТАР**

**СМЕТАЧКИ ЦЕНТАР**

**МЕДИУМСКА ПРЕЗЕНТАЦИЈА**

## ОСНОВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ФАКУЛТЕТОТ

Техничкиот факултет (ТФБ) е основан 1977 година, користејќи ги постоечките простории и кадри на Виша Техничка Школа која е основана 1961 година. Оваа високо образовна институција опстојува околу 46 години.

ТФБ во Битола, како најголема членка на Универзитетот "Св.Климент Охридски" е модерна високо образовна установа со Европско ниво која многу успешно ја комбинира својата мисија со апликативната и научно истражувачката работа. Наставниот кадар на ТФБ континуирано ги надоградува своите знаења и искуства преку активно учество во голем број домашни и меѓународни проекти, организации и асоцијации.

**Моментална состојба:**
**Студиски програми на додипломски и постдипломски студии во учебната 2008/09**

**Додипломски студии**

(1) Машински отсек:
- Општо машинство
- Индустриски менаџмент
- **тригодишни стручни студии по Енергетско машинство**

(2) Отсек за сообраќај и транспорт:
- Патен сообраќај и транспорт
- **тригодишни стручни студии по Патен транспорт**

(3) Отсек за графичко инженерство
- Графичко инженерство - четиригодишни студии

(4) Електротехнички отсек
- Индустриска електроенергетика - четиригодишни студии
- **тригодишни стручни студии по Електротехника, Електроенергетика и Електроника**

(5) Отсек за информатика и компјутерска техника
Техничка информатика-тригодишни студии

**Постдипломски студии**

На ТФБ се организира настава на постдипломски студии од следните научни области:

(1) Машински отсек:
- термо и хидротехника и енергетика
- индустриско инженерство и менаџмент

Постдипломските студии траат четири семестри.

(2) Отсек за сообраќај и транспорт:
- сообраќајно транспортно планирање и инженерство

Постдипломските студии траат три семестри.

(3) Отсек за графичко инженерство.

- Постдипломските студии од областа на графичко инженерство. Постдипломските студии траат четири семестри.
(4) Електротехнички отсек,
- Индустриска електроенергетика од областа на Електроенергетика. Постдипломските студии траат три семестри.
**(5) Отсек за информатика и компјутерска техника,**
- Информатика и компјутерска техника. Постдипломските студии траат четири семестри.

Студентот кој успешно ќе ги заврши постдипломските студии се стекнува со научен степен магистер од соодветната област.

**Кадровска екипираност - 12.2007 год.**

Вработени во ТФБ - Битола во редовен работен однос, состојба 12.2007 год.

| | |
|---|---|
| Наставен кадар | |
| • Редовни професори | 21 |
| • Вонредни професори | 14 |
| • Доценти | 13 |
| • Асистенти | 13 |
| • Помл.асистенти | 2 |
| Стручна служба | 19 |
| Вкупно: | **82** |

**Кадровска екипираност на 12.2008 год.**

Вработени во ТФБ - Битола во редовен работен однос, состојба 12.2008 год.

| | |
|---|---|
| Наставен кадар | |
| • Редовни професори | 23 |
| • Вонредни професори | 15 |
| • Доценти | 14 |
| • Асистенти | 17 |
| • Помл.асистенти | 2 |
| Стручна служба | 22 |
| Вкупно: | **93** |

**Отсеци**

Во периодот јануари 2007 год. до декември 2008 год., на отсеците се одржани голем број на состаноци, каде беше дискутирано за: покриеноста на наставата и вежбите, потребата од подмладок, проблемите околу имплементацијата на Европскиот Кредит Трансфер Систем (ЕКТС), донесување на нови студиски програми за стручните студии на Машински отсек, Електротехнички отсек и отсекот за Сообраќај и транспорт, донесување на нови студиски програми за универзитетски

студии на сите отсеци, беа концепирани предлог одлуки за префрлување на предмети од еден во друг семестар (поради рационализација), предлог одлуки за директно запишување на кандидатите со завршен $VI_1$ степен и двегодишни студии на соодветниот отсек на додипломските студии и стручните тригодишни студии, со диференција на одредени предмети и сл. Покрај прашања за разрешување на тековните потреби за нормално функционирање на отсеците и факултетот во целина, беа преземени активности за промовирање на факултетот кај средношколците - потенцијални кандидати за упис во ТФБ. Раководителите на отсеците беа носители на сите активности при промовирањето, директно учествуваа при презентациите во средните училишта во Битола, Ресен, Охрид, Демир Хисар, Неготино, Кавадарци, Велес, Скопје, Куманово и др.

**Деканатска Управа (ДУ)**

Во периодот јануари 2007 год. до декември 2008 год. беа одржани 29 седници на ДУ. Во извештајниот период се разгледувани редица прашања од доменот на овластувањата на ДУ. ДУ се грижи за економично и ефикасно работење на факултетот. Беше донесен годишен план за јавни набавки во 2008 година. ДУ донесуваше одлуки за јавните набавки, согласно со потребите на факултетот и планот за јавните набавки, од набавувачи по предлозите од комисиите за јавни набавки.

Беше донесен правилник за измена и дополнување на Правилникот за апликативна дејност и многу одлуки поврзани со уписнини, патни и дневни трошоци за наставниот кадар за дисперзираните студии, исплаќање надоместок на демонстраторите, исплаќање средства на име јубилејни награди, за висина на средства за одбрана на докторски дисертации, за распределба на средства од постдипломски студии, за определување на лица како припомош на координаторите на ЕКТС и други одлуки неопходни за непречено работење на факултетот. Беше донесена одлука за одобрување средства за учество на студентски средби во Земјата и странство, во висина од 500 евра (денарска противвредност) за секој отсек, и тоа по еднаш во текот на 2008 година.

ДУ усвои план за презентација на студиските програми по средните училишта во РМ и успешно го реализира.

По добиена согласност од Министерството за финансии и известување од Ректорот на Универзитетот, ДУ распиша оглас за вработување на работници, и тоа: за работно место - координатор за ЕКТС, за работно место – референт за студентски прашања и за работно место економ – домаќин. ДУ распиша и оглас за вработување на работници за дисперзираните студии во Прилеп и Велес, и тоа: за работно

место - координатор за ЕКТС за дисперзираните студии во Прилеп и Велес, за работно место – референт за студентски прашања за Прилеп, за работно место – референт за студентски прашања за Велес и за работно место – хигиеничар за Велес. Направена е и промена на Правилникот за систематизација на работите и Правилникот за распределба на средства за лични доходи во Технички факултет Битола, внесено е работното место библиотекар, соработник во лабораторија, копирант, координатор за ЕКТС.

Записниците од седниците на Деканатската Управа се наоѓаат во архивата на факултетот, од каде може детално да се разгледа работењето на ДУ.

**Наставно-Научен Совет (ННС)**

Во периодот Јануари 2008 год. до Декември 2008 год. беа одржани 18 седници на ННС. Во извештајниот период се разгледувани голем број на прашања од доменот на овластувањата на ННС.

Усвоени се елаборати за организирање на тригодишни стручни студии на Машински отсек, отсекот за Сообраќај и Транспорт и Електротехничкиот отсек. Усвоени се измени и дополнувања на студиската програма по Општо машинство на машинскиот отсек.

По предлог од отсеците донесени се одлуки за признавање на кредити за студентите со завршен $VI_1$ степен и двегодишни студии на машинскиот отсек, отсекот за сообраќај и транспорт и електротехничкиот отсек, за запишување на тригодишните стручни студии на соодветните отсеци.

ННС на седницата одржана на 23.09.2008 година донесе Одлука за избор на членови на сенатот на Универзитетот "Св.Климент Охридски" Битола, и тоа: вонр.проф.д-р Зоре Ангелевски, вонр.проф.д-р Марија Маленковска Тодорова и вонр.проф.д-р Љупчо Трпезановски.

После добиената согласност од Министерството за финансии за пренамена на наставничкото во соработничко звање и распишаниот оглас во јуни беше направен избор на еден асистент од областа Производно машинство, технологии и системи.

По добиената согласност од Министерството за финансии на РМ и известување од страна на Ректорот на Универзитетот ННС донесе одлука за распишување на оглас за вработување на пет асистенти и три помлади асистенти, и тоа: еден асистент од областа на машинство, еден асистент од областа на електрониката, еден асистент од областа на патниот транспорт, еден асистент од областа на графичкото инженерство, еден асистент од областа на информатиката, еден помлад асистент од областа на машинството и два помлади асистенти од областа на

информатиката. Врз основа на распишаниот конкурс ННС изврши избор на пет асистенти и два помлади асистенти, или во текот на извештајниот период ННС изврши избор на нови шест асистенти и два помлади асистенти.

Покрај новите вработувања во овој период евидентни се и квалитативните усовршувања на наставно-научните работници вработени во ТФБ. Ред.проф.д-р Кирил Поповски си замина во пензија, тројца вонредни професори беа избрани во редовни, еден доцент во вонреден професор, два асистенти беа избрани за доценти и два помлади асистенти беа избрани за асистенти.

Беше извршен избор на раководител на постдипломските студии на отсекот за Информатика и Компјутерска Техника, доц.д-р Илија Јолевски, и на 18.10.2008 год. свечано се отпочна со наставата на првата генерација студенти на овие студии.

На 52 седница на ННС, односно на 25.11.2008 година усвоени се елаборатите за шест универзитетски студиски програми, и тоа:

1. Студиска програма по Машинство
Прв циклус на универзитетски студии (8 семестри – 4 години)
Втор циклус на универзитетски студии (2 семестри – 1 година)

2 Студиска програма по Електроенергетски системи
Прв циклус на универзитетски студии (8 семестри – 4 години)
Втор циклус на универзитетски студии (2 семестри – 1 година)

3. Студиска програма по Сообраќајно-транспортно инженерство
Прв циклус на универзитетски студии (8 семестри – 4 години)
Втор циклус на универзитетски студии (2 семестри – 1 година)

4. Студиска програма по Графичко инженерство
Прв циклус на универзитетски студии (8 семестри –4 години)
Втор циклус на универзитетски студии (2 семестри –1 година)

5. Студиска програма по Информатика и компјутерска техника
Прв циклус на универзитетски студии (6 семестри –3 години)
Втор циклус на универзитетски студии (4 семестри –2 години)

6. Студиска програма - Менаџмент на индустриски и информациски технологии
Прв циклус на универзитетски студии (8 семестри – 4 години)
Втор циклус на универзитетски студии (2 семестри – 1 година)

Записниците од седниците на ННС се наоѓаат во архивата на факултетот.

## НАСТАВА

### Додипломски студии

Во учебната 2007/2008 год., наставата на пооделните студиски програми на Технички факултет Битола, се реализира во согласност со ангажираноста која беше утврдена на две седници на ННС, односно за зимскиот и летниот семестар одделно.

- Дипломирани студенти

Во периодот јануари – декември 2008 год. на додипломските студии, дипломираа вкупно 332 студенти, односно:

**Машински отсек** - 9 студенти на - $VII_1$ степен, односно додипломски студии, општо машинство; 36 студенти на - $VII_1$ степен, односно додипломски студии, индустриски менаџмент; - 1 студент на - $VII_1$ степен, односно додипломски студии, земјоделско прехранбено машинство; 8 студенти на $VI_1$ степен, односно на двегодишни студии;

**Отсекот за сообраќај и транспорт** – 62 студенти на $VII_1$ степен, односно додипломски студии, патен сообраќај и транспорт; 12 студент на $VII_1$ степен, односно додипломски студии, воздушен сообраќај; 2 студенти на $VII_1$ степен, односно додипломски студии, железнички сообраќај; 14 студенти на $VI_1$ степен, односно на двегодишни студии;

**Електротехнички отсек** – 36 студенти на додипломски студии; 12 студенти на $VI_1$ степен, односно на двегодишни студии;

**Отсек за графичко инженерство** – 37 студенти на $VII_1$ степен, односно додипломски студии; 10 студенти на $VI_1$ степен, односно на двегодишни студии;

**Отсек за ИКТ** – 93 студенти.

**Упис на студенти за прва година** е реализиран согласно објавениот Конкурс за упис во учебната 2008/2009 год. При тоа, иако се искористени трите уписни рокови, за поодделни студиски програми дел од предвидените квоти за упис не се пополнаа. Меѓутоа, глобална проценка е дека резултатите од уписот се релативно добри.

### Запишани студенти во прва година во учебната 2008/09 год. на Технички факултет – Битола

**1. Универзитетски студии**

- Машински отсек: општо машинство 29 редовни, индустриски менаџмент 7 редовни, вкупно 36;

- Отсек за сообраќај и транспорт: 65 редовни, 8 вонредни, вкупно 73;
- Електротехнички отсек: 29 редовни, 2 вонредни, вкупно 31;
- Отсек за графичко инженерство: 39 редовни ;
- Отсек за информатика и компјутерска техника (Битола + Велес + Прилеп): 150 + 81 + 32 редовни, 18 + 29 + 0 вонредни, вкупно 310;
- студиска програма ИТО: 9 редовни, 13 вонредни, вкупно 22.

**2. Тригодишни стручни студии вкупно 156 студенти**

**Тригодишни стручни студии – прва/трета год.**

| | **редовни** | **вонредни** |
|---|---|---|
| - по Енергетско машинство | 0/0 | 0/46 |
| - по Патен транспорт | 9/5 | 0/55 |
| - по ЕЕЕ | 3/3 | 0/35 |

**Или вкупно нови студенти на Технички факултет-Битола: 461 редовни, 206 вонредни, вкупно 667 студенти.**

ТФБ во вакви услови на конкуренција опстојува само како интегрирана целина. Политиката на Деканот и понатаму ќе биде во насока на интеграција на отсеците, креирањето на заедничките студиски програми меѓу отсеците, се со цел да се привлечат поголем број на студенти и наставниот кадар биде што порамномерно ангажиран.

**Додипломски дисперзирани студии во Велес**

Во оваа учебна година се запишани втора генерација на отсекот за ИКТ - дисперзирани студии во Велес. Моментално на овие студии во прва година имаме 30 студенти во државна квота (со 200 евра), 81 студенти со кофинансирање (со 500 евра) 2 студенти бранители и 30 вонредни студенти или вкупно 110 студенти.

**Додипломски дисперзирани студии во Прилеп**

Од оваа учебна година по иницијатива на Владата на РМ со цел да високото образование им стане достапно на сите млади луѓе имаме прва генерација студенти на отсекот за ИКТ – дисперзирани студии во Прилеп.

Наставата е организирана во СОУ Ристе Ристески – Ричко. Трошоците за користење на просторот како и патните трошоци на наставниот кадар ќе бидат покриени од страна на МОН. Моментално на овие студии имаме 30 студенти во државна квота (со 250 евра), 2 студенти со кофинансирање (со 500 евра) или вкупно 32 студенти.

**Заедничка студиска програма со Педагошки факултет, студиска програма по Информатичко и Техничко Образование**

Веќе втора учебна година успешно функционира новата четиригодишна студиска програма за ИТО, како заедничка СП на ТФБ и ПФ – Битола. Во прва година, освен за два предмети, нема посебна настава за студентите од оваа СП, т.е. истите се вклопени со веќе постојните наставни групи на ТФБ, формирани за другите СП.

**Во однос на покриеноста на наставата за учебната 2008/2009 год.**, припремите беа започнати уште во текот на летниот семестар 2008 год. Беа направени голем број на состаноци на отсеците. Во овој семестар демонстраторите – соработници беа избирани на ННС со претходен интерен оглас.

По предлог на ННС беа ангажирани соработници – демонстратори со половина и цело работно време, како и стручни лица од стопанството.

**Постдипломски студии**

Во текот на оваа година направени се бројни состаноци на Наставно Научните Совети на Постдипломските Студии.

Во оваа учебна година на постдипломските се запишале вкупно 100 студенти, односно:

- 8 студенти на постдипломските студии по индустриско инженерство и менаџмент;
- 4 студенти на постдипломските студии од областа на графичко инженерство;
- 9 студенти на постдипломските студии по сообраќајно транспортно планирање и инженерство;
- 6 студенти на постдипломските студии по Индустриска електроенергетики од областа на Електроенергетика;
- 73 студенти на постдипломските студии по Информатика и компјутерска техника.

Во извештајниот период магистрирале вкупно 7 кандидати, односно 2 кандидати на постдипломските студии по сообраќајно транспортно планирање и инженерство, 3 кандидати на постдипломските студии од областа на графичко инженерство и 2 кандидати на постдипломските студии по индустриско инженерство и менаџмент.

**Докторанти**

Во периодот од јануари 2008 година до денес на ТФБ докторирале вкупно 3 кандидати, и тоа: м-р Констадина

Велјановска, м-р Игор Андреевски и м-р Љупчо Трајчески. За двата кандидати вработени во ТФБ како асистенти, беа распишани конкурси за избор во наставнички звања и беа избрани за доценти.

**Уписна политика**

Уписната политика беше разгледана и усвоена од ННС, врз основа на што беше објавен конкурсот за прием на студенти во прва година во учебната 2008/09 година. Според овој конкурс беа предвидени 510 студенти во државна квота, 260 студенти со кофинансирање, 120 вонредни студенти, или вкупно 890 студенти. Во првиот уписен рок беа предвидени 30 студенти во државна квота на отсекот за ИКТ во Велес. Во вториот уписен рок по предлог на Владата на РМ, се предвидоа 30 студенти во државна квота и 30 студенти со кофинансирање на отсекот за ИКТ во Прилеп.

## НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКИ АКТИВНОСТИ

**" Тестирање на иновативни стратегии за чист урбан сообраќај во историски европски градови",** прв научно истражувачки проект од FP7 програмата во Македонија, GRANT AGREEMENT No. 219120 Времетраење: 4 години (15.09.2008 до 15.09.2012)
Акроним на проектот: RENNAISSANCE

**Главна цел:** Истражување, изнаоѓање решенија и реализација на мерки за одржлив урбан транспортен систем во Скопје. Вклучени ќе бидат и прашањата за пристапност и заштита на историските локации од аспект на нивното сообраќајно опслужување.
**Координатор на проектот:** Општина Перуџа, Италија
**Одговорен:** г-н Леонардо Налдини
**Партнерски институции од Македонија:** Универзитет „Св. Климент Охридски", Битола, Град Скопје, ЈСП Скопје.
**Раководител на проектот од ТФБ**, ред.проф.д-р Никола Крстаноски.

Научно истражувачките активности на ТФБ се одвиваа воглавно во рамките на НИП (научно истражувачки проекти) финансирани од МОН. Моментално во завршна фаза се води само еден таков проект, Дијагностичa метода за контрола на работа на ладилна кула (Технички факултет-Битола и Машински факултет Љубљана), кој го води ред.проф.д-р Б.Доневски.

Поголем дел од наставничкиот кадар се пријави на новиот конкурс од МОН за доделување на нови НИП, вкупно 10 предлог проекти, но постапката за решавање не е завршена.

Од НИП – COST (European Cooperation in the field of Science and Technical Research) Програмата, ТФБ е вклучен во проектот, LES –AID (Large eddy Simulation –Advanced Industrial Design), ред.проф.д-р Божин Доневски членува во Менаџмент комитетот.

## АПЛИКАТИВНА ДЕЈНОСТ, СОРАБОТКА СО СТОПАНСТВОТО И МЕЃУНАРОДНА И СОРАБОТКА

Апликативната дејност на вработените во ТФБ не е во обем адекватен на потенцијалот кој го има факултетот. Факултетот учествуваше во поголем број на Јавни Повици, добиени се повеќе апликации, воглавно за мерење на штетни материи во атмосферата ( АД 4-ти Ноември Фабрика за шеќер Битола, Квасара Битола, Хотел Епинал), мерење на бучава и сл. Направени се договори со АД МЕПСО, МАКСТИЛ АД Скопје, ЕЛЕМ – РЕК Битола, Министерството за транспорт и врски (за добивање сертификати за професионална компетентност на управители или возачи) и др. Од страна на Основниот суд во Скопје, Битола, Охрид, Неготино, Кратово, Кавадарци и др. добиени се голем број на предмети за Сообраќајни Експертизи, кои квалитетно се изработени од страна на стручни тимови од оваа област.

Меѓународната соработка на ТФБ во рамките на Универзитетот е на највисоко ниво. Како раководители на проекти добиени од повеќе Европски Програми, достапни за нашата земја, како Tempus, INTEREG IIIA PROGRAMME, во извештајниот период од ТФБ се повеќе наставници.

**Учество во реализацијата на меѓународни проекти во извештајниот период:**

Во текот на 2008 година, од страна на **Генералниот директорат за образование и култура на Европската Комисија**, со одлични оценки за високите стандарди што се постигнати во имплементацијата на проектните активности, позитивно се оценети завршните извештаи за имплементацијата на TEMPUS проектите **"Quality Assurance and Accreditation System Network (QAASNET)"** и **„Management and Business Education in Computer Studies (MABECS)"** (контакт лице: **Проф. д-р Пеце Митревски**). За првиот од нив веќе е пристигната уплатата на последните 10% од планираниот буџет, а за вториот истите се очекуваат во првиот квартал од 2009 година.

Во завршна фаза е имплементацијата на ТЕМПУС проектот **“Workflow and Document Management towards Integrated University (WODOMI)”**, во соработка со универзитетите од Дортмунд (Германија) и Грац (Австрија). Во претстојниот период, на Техничкиот факултет, како и на неколку други единици на Универзитетот „Св. Климент Охридски“, ќе биде инсталиран систем за управување со работни процеси и документи, а ќе биде реализирана и обука на административниот кадар. Контакт лице на проектот е продеканот за меѓународна соработка, **Проф. д-р Пеце Митревски**.

Задржувајќи континуитет во интензивната меѓународна соработка, Техничкиот факултет – Битола ќе биде рамноправен член на конзорциумот во рамките на ТЕМПУС проектот **“Video Conferencing Educational Services”**, чија имплементација ќе започне на 15.01.2009 година. Предлог-проектот беше поднесен во рамките на последниот повик од ТЕМПУС програмата. Координатор на проектот е **Македонската академска и истражувачка мрежа (МАРНет)**, каде што **Проф. д-р Пеце Митревски** е член на Управниот одбор, а контрактор е **Универзитетот од Фиренца (Италија)**. Буџетот на проектот е **863.671,00 ЕУР**, периодот на имплементација е 3 (три) години, а од останатите странски партнери треба да се спомене учеството на **Универзитетот од Лувен (Белгија)** и **Националниот институт за развој на информациска инфраструктура од Будимпешта (Унгарија)**. Целта на проектот е воспоставување на видео-конференциски сервиси како дел од системот за далечинско учење помеѓу универзитетите во Република Македонија, преку комуникациската инфраструктура на МАРНет, поддржувајќи го, во исто време, процесот на институционална, организациона и финансиска трансформација на МАРНет.

Основна цел на проектот **“Designing and implementing of the NQF”,** со времетраење од 3 години, Предлог-проектот беше поднесен во рамките на последниот повик од ТЕМПУС програмата. Координатор на проектот е Универзитетот “Св.Климент Охридски”, каде што **Проф. д-р Елизабета Бахтовска** е раководител, контрактор на проектот е Универзитетот од Линкопинг, Шведска, проф.д-р Јанерик Лунгвист.

Во текот на 2008 год. успешно беше завршен проектот **“Development of a common Postgraduate Curriculum for Graduates from Geotechnical and Polytechnic Faculties”,** од

INTEREG IIIA PROGRAMME, Greece – FYROM, каде Координатор на проектот беше Аристотелис Универзитетот од Солун, од Македонија како партнер беше Техничкиот факултет Битола, каде што **Проф. д-р Кирил Поповски** беше раководител.

Во завршна фаза е проектот со наслов **"Introducing two tire studies in the field of metrology"**, TEMPUS JEP 19010-2004,каде контакт лице од Технички факултет – Битола е **Проф. д-р Цветко Митровски.** Во рамките на проектот во оваа година беа одобрени средства за печатење и набавка на дополнителна опрема во висина од 4200 евра.

Во рамките на проектот од Темпус програмата PRIUM - Promoting a model of integrated university in the Macedonia, TEMPUS CARDS Project No UM-JEP-141019-2006, беа организирани две работилници во Ректоратот на Универзитетот "Св.Кирил и Методиј" Скопје, на кои учествуваа сите декани и директори од Универзитетот "Св.Климент Охридски" Битола.

## АКРЕДИТАЦИЈА

Добиена е **акредитација** за:
**- тригодишни стручни студии по Енергетско машинство**
**- тригодишни стручни студии по Патен транспорт**
**- тригодишни стручни студии по Електротехника, Електроенергетика и Електроника**

## СТУДЕНТИ

Комуникацијата со студентите и претставниците на студентите од Сојузот на Студенти при ТФБ (ССТФБ) во извештајниот период, може да се процени како одлична. Студентите, преку своите претставници во ДУ и ННС секогаш имаа можност да ги изнесат своите проблеми и барања.

ДУ, во рамките на можностите скоро секогаш позитивно одговараше на барањата на студентите.

### - Студентска мобилност

1. Учество на Летна Академија за талентирани студенти од Југоисточна Европа (Подржана од Програмата ДААД)

**Summer Academy for talented students from South East Europe, August 30-September 10, 2008, Herceg Novi, Crna Gora.**

- Додипломски студенти: 5

- Постдипломски: 2
- Академски кадар: 1

**Партнер институција:** University of Erlangen-Nuremberg, Germany, (DAAD Program). Одговорно лице од Германија: Dr. Dubravka Melling. Одговорно лице од Технички факултет: Проф. д-р Божин Доневски

2. Учество на Симулациони технологии и паралени нумерички пресметки (Подржан од Програмата ДААД)

**SimLab and Parallel Numerical Comutation (DAAD), October 05-11, 2008, Technical University Cluj, Romania.**

- Додипломски студети: 8
- Постдипломско: -
- Академски кадар: 1

**Партнер институција:** Technical University of Munchen, Germany, Institut of Informatics (DAAD Program). Одговорно лице од Германија: Prof. dr. Hans-Joachim Bungartz. Одговорно лице од Технички факултет: Проф. д-р Божин Доневски

3. Престој на Техничкиот универзитет во Минхен во рамките на Симулациони технологии и паралени нумерички пресметки (Програма ДААД)

**SimLab and Parallel Numerical Comutation (DAAD), Scholarship, Technical University Munchen, Germany.**

- Постдипломски студент: 1 (три месечен престој на Техничкиот универзитет воМинхен, Институт за информатика, Јануари 09-Април 03, 2008)

**Партнер институција:** Technical University of Munchen, Germany, Institut of Informatics (DAAD Program). Одговорно лице од Германија: Prof. dr. Hans-Joachim Bungartz. Одговорно лице од Технички факултет: Проф. д-р Божин Доневски

4. Учество на курс за германски јазиј на Техничкиот универзитет ви Минхен, Германија Јануари 2008:

- Додипломски студети: 2

**Партнер институција:**
Technical University of Munchen, Germany, Institut of Informatics (DAAD Program). Одговорно лице од Германија: Prof. dr. Hans-Joachim Bungartz. Одговорно лице од Технички факултет: Проф. д-р Божин Доневски.

## ФИНАНСИСКА СОСТОЈБА

Значаен удел во целокупната финансиска состојба на ТФБ, имаа и сопствените средства, пред се од партиципација на студентите во додипломските студии, како и сопствените средства стекнати по други основи (остаток од апликативната

дејност, постдипломските студии, заработка од скриптарата, провизија од таксените марки).

Подетално, финансиската состојба ќе биде разгледувана со завршната сметка за 2008 год.

## ОПРЕМА, МЕБЕЛ, РЕНОВИРАЊЕ, И СИТЕН ИНВЕНТАР

Врз основа на годишниот план за Јавни набавки, и реалните потреби на факултетот, беа набавени: **Десктоп компјутери** (14 во просторија 305, 2 во Студентски прашања, 1 во просторијата за одбрана на дипломски, 22 во кабинети); **Лаптопи** (2); **Принтери и скенери** (4 скенери – кабинети, 8 принтери – кабинети, 3 принтери - стдентска служба, 1 принтер во боја – Отсек за Графичко инженерство); **1 фотокопир** – копирница; **Видео проектори** – 5; **Комуникациска опрема** (6 безжични Access points, 15 switch).

- ламинат за кабинетите: бр. 1, 2, 3, 4, 200, 212, 214, 206, 208, 209, 210, 303/3, 312, 314, 316, 8, 401, 402, 403, 419, 420, 422, канцеларијата на Сојуз на Студенти на ТФБ, Студентска служба; ламинат за училните: предниот дел од амфитеатарот, 10, 12, 15, 203, 205, 207, 211, 404, 406, 415, 417.

- поставени се вариолајт завеси во кабинетите: 402, 403, 409, 411, 418, 419, 420, 421, 422, 303/1, 303/3, 312, 314, 316, 200, 208, 209, 210, 212, 214, канцеларијата на Сојуз на Студенти на ТФБ (венецијан), училни: 213, 315, 413, 16.

- 70 клупи и 160 столчиња (дел од старите клупи и столчиња се однесоа во Велес),

- набавени се: шкафови, нови бироа, плотни на постоечките бироа, за поголем број на кабинети кај наставниот кадар како и техничкиот персонал.

- бојадисани се: ходникот од приземјето, училните 205, 213, 16, кабинетите 401, 402, 403, 210 и др.

- заменети се: прозорците на вториот и третиот спрат од северната страна на јужното крило од факултетот, дел од светларниците, прозорците во деканатот, прозорците во просторијата за состаноци, во тек е замена на прозорците во трите училни во приземјето (10, 12 и 15), 213, западната страна од студентска служба, светларникот кон анексот.

- набавени се гранитни плочки за уредување на: влезот од факултетот и студентска служба, ходникот во деканатот, анексот.

- направени се градежни зафати во Велес за добивање од две на една поголема училна на првиот спрат, уредена е уште една канцеларија за наставниците со ламинат, една конференциска маса и 10 тапацирани столчина, 2 бели табли,

заменети се скршените стакла, бојадисан е преостанатиот дел кој ќе се користи оваа учебна година,

- тонери, тастатури, глувчина, хартија, греалки, продолжни кабли и друго по доставени барања на вработените,
- друг ситен инвентар.

## СМЕТАЧКИ ЦЕНТАР (СЦ)

Сметачкиот центар моментално е во одлична функција. Отворен е од 8 до 19 часот, со што на студентите им е овозможено постојано истражување на Интернет или са мостојна семинарска, дипломска работа и сл. Во сметачкиот центар се обавуваат вежбите по Информатика за студентите од Правниот факултет. Поставени се 30 нови компјутери (набавени од Правниот факултет – дисперзирани студии во Битола).

Web страната на факултетот е во одлична состојба, ажурирањето на податоците се прави од страна на администраторот во СЦ.

## МЕДИУМСКА ПРЕЗЕНТАЦИЈА

Медиумската презентација за можностите кои се нудат за студирање на ТФБ беше направена пред уписите на локалната телевизија ТЕРА за Битола и локалната телевизија Здравкин за Велес, како и во Радио Битола. Во наредниот период мора да се насочи поголемо внимание, особено за промовирање на реструктуираните студиски програми на ТФБ за учебната 2009/10.